Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

**Бр. 11**

**31.07.2024**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на ЗАКЛУЧОК за усвојување Финансиски извештај на ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар за период 01.01.2024 - 31.03.2024**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај на ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар за период 01.01.2024 година - 31.03.2024 година, донесен на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/1 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Службенн весник на РСМ" бр. 275/19, 89/22 и 274/22), како и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.07.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за период 01.01.2024 до 31.03.2024**

1. Се усвојува Финансикиот извештај на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за период 01.01.2024 до 31.03.2024 година со бр.0501-173 од 01.07.2024 година, усвоен од Управен одбор на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар со Одлука бр.0202-182/3 од 04.07.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

3. По еден примерок од Заклучокот се доставува до архива на Општина Демир Хисар и до ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.

**Бр.17-680/4 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за давање на согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар**

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар донесена на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/2 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 20 б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и ,,Службен весник на РСМ" бр. 143/19 и 14/20), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.07.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За давање на согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар**

Член 1

Советот на Општина Демир Хисар дава Согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈКП „Комуналец" - Демир Хисар со архивски број 0102-181/1 од 02.07.2024 година, како и Одлуката за усвојување на измена на Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар донесена од Управен одбор со бр. 0202-182/4 од 04.07.2024 година.

Член 2

Измена на Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈКП „Комуналец" - Демир Хисар со архивски број 0102-181/1 од 02.07.2024 година, изготвен од страна на Директорот на ЈКП „Комуналец" - Демир Хисар, влегува во сила со денот на давањето на позитивно мислење од страна на Министерството за јавна администрација.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука се: Образец за годишен план за вработување и BalancER – calculator кои се пропишани од страна на Министерството за јавна администрација.

Член 4

Оваа Одлука се доставува до Министерството за јавна администрација за добивање на позитивно мислење.

**Бр.17-680/5 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на надоместок за претседател и членови на Управен одбор и Надзорен одбор во ЈКП „Комуналец" Демир Хисар**

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на надоместок за претседател и членови на Управен одбор и Надзорен одбор во ЈКП „Комуналец" Демир Хисар, донесена на 38-тата

седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/3 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 19 став 6 и член 27 став 9 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), како и член 43 став 42 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.07.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на надоместок за претседател и членови на Управен одбор и Надзорен одбор во ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува паушален месечен надоместок за претседател и членови за својата работа, врз основа на присуство на седници на Управен одбор и Надзорен одбор во ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар, чиј основач е Општина Демир Хисар.

Член 2

Висината на надоместокот за претседател и членови на Управен одбор и Надзорен одбор во ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар се утврдува во износ од 2.500,00 денари.

Член 3

Утврдениот надоместок за претседател и членови на Управен одбор и Надзорен одбор во ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар ќе важи од месец Јули 2024 година.

Член 4

За отсуство од седница не следува паушал за членовите на Управен и Надзорен одбор во ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар.

Доколку во тековниот месец се одржат повеќе седници од една, а членот на Управен и Надзорен одбор учествувал на една од седниците, му се исплаќа месечен надоместок.

Член 5

Со донесување на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката бр.17-1245/9 од 26.12.2023 година, донесена од Советот на Општина Демир Хисар.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-680/6 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на ЗАКЛУЧОК за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2024 година до 30.06.2024 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2024 година до 30.06.2024 година, донесен на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/4 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 43 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 29.07.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2024 година до 30.06.2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2024 година до 30.06.2024 година со арх.број 10-166/5 од 08.07.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-680/7 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање на согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2024 година на Општина Демир Хисар**

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2024 година на Општина Демир Хисар донесена на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/5 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 20 б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/18 и Службен весник на РСМ бр. 143/19 и 14/20), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.07.2024 година донесе

**О Д Л У К А**

За давање на согласност на измена на Годишниот план за вработување за 2024 година на Општина Демир Хисар

Член 1

Советот на Општина Демир Хисар дава Согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2024 година на Општина Демир Хисар со архивски број 13-721/1 од 10.07.2023 година, за кој министерството за информатичко општество и администрација има дадено позитивно мислење со архивски број 09-3548/3 од 16.11.2023 година (архивски број од Општина Демир Хисар 13-721/4 од 24.11.2024 година).

Член 2

Годишниот план од член 1 се става вон сила и се менува со Годишниот план за вработување за 2024 година на Општина Демир Хисар со архивски број 13-657/1 од 08.07.2024 година, изготвен од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар, кој влегува во сила со денот на давањето на позитивно мислење од страна на Министерството за јавна администрација.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука се: Образец за годишен план за вработување и BalancER – calculator кои се пропишани од страна на Министерството за јавна администрација.

Член 4

Оваа Одлука се доставува до Министерство за јавна администрација за добивање на позитивно мислење.

**Бр.17-680/8 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Могила и Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Могила и Општина Демир Хисар донесена на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/6 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначални**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 79/09), член 14 став 1, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), како и член 11 став 1 од Статутот на Општина

Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата оджана на ден 29.07.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Могила и Општина Демир Хисар**

Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Могила и Општина Демир Хисар.

Член 2

Меѓуопштинската соработка ќе се остварува преку вршење на определени работи во областа на инспекцискиот надзор, кои ќе ги извршува овластен инспектор за животна средина вработен во Општина Демир Хисар, во име и за сметка на Општина Могила.

Член 3

За остварување на меѓуопштинската соработка ќе се склучи Договор за вршење на определени работи од страна на една општина за друга општина, во смисла на одредбите од член 9 став 2 алинеја 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ" бр.79/09).

Член 4

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-680/9 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар донесена на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/7 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09), член 14 став 1, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), како и член 11 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата оджана на ден 29.07.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар**

Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар.

Меѓуопштинската соработка ќе се остварува преку заедничко вршење на определени работи од надлежност на општините, кои се однесуваат на превоз на ученици од страна на Јавното Претпријатие Дехи Транс основано од Општина Демир Хисар во корист и за сметка на Општина Битола.

Член 2

За остварување на меѓуопштинската соработка ќе се склучи Договор за вршење на определени работи од страна на една општина за друга општина, во смисла на одредбите од член 9 став 2 алинеја 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09).

Член 3

Оваа меѓуопштинска соработка се воспоставува за период додека трае потребата од превоз на ученици.

Член 4

Трошоците за превоз на учениците од населените места во Општина Демир Хисар до Општина Демир Хисар ќе бидат утврдени согласно ценовникот донесен со Одлука на Совет на Општина Демир Хисар.

Член 5

Оваа одлука стапува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-680/10 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за именување на претседател и членови на Општински Совет за безбедност во сообраќајот на патиштата**

1.Го објавувам Решението за именување на претседател и членови на Општински Совет за безбедност во сообраќајот на патиштата донесено на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/8 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 372 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (,,Службен весник на РМ” бр. 169/15, 226/15, 55/16 и 83/18 и ,,Службен весник на РСМ” бр. 98/19, 302/20 и 122/21), како и член 94 став 2 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на

Општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.07.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за именување на претседател и членови на Општински Совет за безбедност во сообраќајот на патиштата

Член 1

Со ова Одлука се именуваат претседател и членови на Општински Совет за безбедност во сообраќајот на патиштата по предлог на Републички Совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата со Одлука бр. 0201-5/6 од 27.06.2024 година.

Член 2

За претседател и членови на Општински Совет за безбедност во сообраќајот на патиштата се именуваат:

1. Оливер Јанкуловски с.Вардино - претседател
2. Дамјан Николовски с.Белче - член
3. Горан Пирковски с.Слепче - член
4. Филип Најдовски с.Журче - член
5. Добре Илиевски с.Мренога - член
6. Гоце Велковски с.Суводол - член
7. Марија Христовска Демир Хисар - член

Член 3

Одлуката влегува во сила со нејзино објавување во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Член 4

Примерок од Одлуката да се достави до архива на Општина Демир Хисар и именуваните лица.

**Бр.17-680/11 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈП ,,ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за период 01.01.2024 - 30.06.2024**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за период од 01.01.2024-30.06.2024 донесен на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/9 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и ,,Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар" бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23) , Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.07.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За усвојување Финансиски извештај за работењето на ЈП ,,ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за период 01.01.2024 - 30.06.2024

1.Се усвојува Финансикиот извештај за работењето на ЈП ,,ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за период 01.01.2024 - 30.06.2024 година донесен од Управен одбор на ЈП ,,ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар со архивски бр. 02-85/3 од 04.07.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

3.По еден примерок од Заклучокот се доставува до архива на Општина Демир Хисар и до Јавно претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар.

**Бр.17-680/12 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на ОДЛУКА за давање на согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар донесена на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/10 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 20 б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и ,,Службен весник на РСМ" бр. 143/19 и 14/20), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.07.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

За давање на согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар

Член 1

Советот на Општина Демир Хисар дава Согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар со архивски број 03-87/1 од 03.07.2024 година, како и Одлуката за усвојување за измена на Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар донесена од Управен одбор со бр. 02-85/5 од 04.07.2024 година.

Член 2

Измена на Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈП „Дехи

Транс“ - Демир Хисар со архивски број 03-87/1 од 03.07.2024 година, изготвен од страна на Директорот на ЈП „Дехи Транс“ - Демир Хисар, влегува во сила со денот на давањето на позитивно мислење од страна на Министерството за јавна администрација.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука се: Образец за годишен план за вработување и BalancER – calculator кои се пропишани од страна на Министерството за јавна администрација.

Член 4

Оваа Одлука се доставува до Министерството за јавна администрација за добивање на позитивно мислење.

**Бр.17-680/13 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година донесен на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/11 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 49 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ бр.161/19 и 229/20“), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.07.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев„ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година бр. 01-248/1 од 28.06.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-680/14 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар

(,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Согласност за користење на 2(две)простории во објектот на ЈОУДГ ,,Втори септември,, Демир Хисар**

1.Ја објавувам Согласноста за користење на 2 (две) простории во објектот на ЈОУДГ ,,Втори септември,, Демир Хисар донесена на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/12 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Согласно член 22 став (1) точка 8 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. весник на РМ,, бр. 05/2002 година ) и член 43 став (1) точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл. гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09,16/13, 18/14,10/19 и 07/21 год.) Советот на општина Демир Хисар дава

**СОГЛАСНОСТ**
**за користење на 2(две) простории во објектот на ЈОУДГ ,,Втори септември,, Демир Хисар**

1.**На ООУ ,,Гоце Делчев ,,Демир Хисар** им се дава согласност за користење на 2 (две) простории во објектот на ЈОУДГ ,,Втори септември,, Демир Хисар.

2.**ЈОУДГ ,,Втори септември,, Демир Хисар** се согласува да ги даде на повторно користење горенаведените простории во нивниот објект за изведување на настава за учениците од прво одделение за учебна 2024/2025 година.

3.Согласноста се дава за изведување на воспитно образовна настава за учениците од прво одделение за учебна 2024/2025 година.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

ООУ ,,Гоце Делчев ,,Демир до Советот на општина Демир Хисар достави барање број 03-253/1 од 01.07. 2024 година на согласност за повторно користење на 2 (две) простории во објектот на ЈОУДГ ,,Втори септември,, Демир Хисар за изведување на настава за ученици во прво одделение за на неодредено време за повеќе наредни учебни години.

Советот на општина Демир Хисар го разгледа барањето на училиштето и зазеде став да се даде согласност училиштето да продолжи да ги користи просториите во ЈОУДГ ,,Втори септември, ,Демир Хисар, за изведување на воспитно образовна работа за учениците во прво одделение, но не, на неодредено време за повеќе наредни учебни години, односно да се продолжи како и досега училиштето да бара согласност само за една наредна учебна година, во случајов за 2024/2025 година.

**Бр.17-680/15 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебна 2024/2025 година**

1.Ја објавувам Согласноста за формирање на две паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година донесена на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/13 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 53 став (4), став (5), став (8) и став (10) од Законот за основно образование (,,Сл. весник на РСМ,, бр. 161/19, 229/20 година), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и согласно член 43 став (1) точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл. гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05,7/09,16/13,18/14,10/19 и 7/21 год.) Советот на општина Демир Хисар дава

**С О Г Л А С Н О С Т**
**за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за учебна 2024/2025 година**

1.**ОУ ,,Гоце Делчев ,,Демир Хисар** ги исполнува условите за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици од 20 во одделенска и предметна настава и комбинирани паралелки во одделенска настава нај многу до 10 ученици **за учебна 2024/2025 година.**

2.Паралелките да бидат формирани согласно доставеното барање од страна на училиштето и прегледите бр.1 и 2 што се во прилог на оваа согласност.

3.Паралелките за кои се дава согласност се финансирани паралелки - старо финансирање.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

ООУ ,,Гоце Делчев,, Демир Хисар до Советот на општина Демир Хисар, достави барање заведено со архивски број 03-193/1 од 10.06.2024 година за работа на паралелки со помал број на ученици во одделенска и предметна настава за учебна 2024/2025 година. Согласно член 53 став (4), став (5), став (8) и став (10) од Законот за основно образование, Советот го разгледа барањето на училиштето и одлучи да даде согласност за формирање на

**П Р Е Г Л Е Д БР.1**

***на дадена согласност за работа на чисти паралелки од I - IX одделение со помалку од 20 ученици***

***за учебна 2024/2025 година.***

| ООУ,,Гоце Делчев,, Демир Хисар | I - а -б одд. | | | II -а - б одд. | | | III -а -б- одд. | | | IV-а-б одд. | | | V -а -б одд. | | | Вкупно од I - V одд. | | VI а-б-в одд. | | | | VII а-б-в одд. | | | | VIII а-б-в одд. | | | | IX -а,б,в одд. | | | | Вкупно од VI - IX одд. | | Вкупно од I - IX одд. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици | Ученици | Парал | Ученици | Учени. | Парал | Учени. | Учени. | Парал | Учени. | Учени. | Парал | Учени. | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Учени. | Учени. | Парал | Учени. | Учени. | Учени. | Парал | Учени. | Учени. | Учени. | Парал | Учени. | Учени. | Учени. | Паралел. | Учени. | Парал | Учени. | Парал |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 32 | 33 | 34 | 35 | 36 | 37 |
| | **12** | **12** | **2** | **14** | **15** | **2** | **16** | **15** | **2** | **15** | **13** | **2** | **12** | **13** | **2** | **137** | **10** | **13** | **13** | **13** | **3** | **12** | **12** | **12** | **3** | **16** | **18** | **16** | **3** | **10** | **12** | **11** | **3** | **158** | **12** | **295** | **22** |

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Најдовски

**П Р Е Г Л Е Д БР.2**

***на дадена согласност за работа на комбинирани паралелки од I до V одделение за учебна 2024/2025 година.***

| ООУ ,, Гоце Делчев Демир Хисар | | I одд. | | II одд. | | III одд. | | IV одд. | | V одд. | | Вкупно ученици и комбинирани паралелки од I-V одд. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 1 | **ПУ с..Суводол** | **2** | | **2** | | **3** | | **3** | | **4** | | **14** | **3** |
| 2 | **ПУ с.Вардино** | **1** | | **1** | | **2** | | **2** | | **/** | | **6** | **2** |
| 3 | **ПУ с.Света** | **3** | | **1** | | **/** | | **/** | | **2** | | **6** | **1** |
| 4 | **ПУ с.Единаковци** | **/** | | **1** | | **1** | | **/** | | **2** | | **4** | **1** |
| 5 | **ПУ с.Журче** | **/** | | **2** | | **/** | | **1** | | **/** | | **3** | **1** |
| 6 | **ПУ с.Слепче** | **2** | | **3** | | **4** | | **/** | | **2** | | **11** | **2** |
| | **ВКУПНО** | **8** | | **10** | | **10** | | **6** | | **10** | | **44** | **10** |

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Претседател
Љупчо Најдовски

чисти и комбинирани паралелки како што е наведено во приложените прегледи.

**Бр.17-680/16 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебна 2024/2025 година**

1.Ја објавувам Согласноста за формирање на две паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година донесена на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/14 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 53 став (4), став (5), став (8) и став (10) од Законот за основно образование (,,Сл. весник на РСМ,, бр. 161/19, 229/20 година), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и согласно член 43 став (1) точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл. гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09,16/13,18/14,10/19 и 7/21 год.) Советот на општина Демир Хисар дава

**С О Г Л А С Н О С Т**
**за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици**
**и комбинирани паралелки за учебна 2024/2025 година**

1.**ОУ ,,Даме Груев ,,Смилево** ги исполнува условите за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици од 20 во одделенска и предметна настава и комбинирани паралелки во одделенска настава најмногу до 10 ученици **за учебна 2024/2025 година.**

2.Паралелките да бидат формирани согласно доставеното барање од страна на училиштето и прегледите бр.1 и 2 што се во прилог на оваа согласност.

**ПРЕГЛЕД БР.1**

***на дадена согласност за работа на чисти паралелки од I до IX одделение со помалку од 20 ученици за учебна 2024/2025 година***

| | I одд. | | II одд. | | III одд. | | IV одд. | | V одд. | | VI одд. | | VII одд. | | VIII одд. | | IX одд. | | В К У П Н О | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „ Даме Груев„Смилево | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 7 | 1 | 2 | 1 | 3 | 1 | 4 | 1 | 16 | 4 |

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Претседател
Љупчо Најдовски

**П Р Е Г Л Е Д БР.2**
***на дадена согласност за работа на комбинирани паралелки од I до V одделение***
***за учебна 2024/2025 година.***

| ООУ,, Даме Груев,,Смилево | | I одд. | | II одд. | | III одд. | | IV одд. | | V одд. | | Вкупно ученици и комбинирани паралелки од I-V одд. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 1 | ООУ Даме Груев,,Смилево | 1 | | / | | 1 | | / | | / | | 2 | 1 |
| 2 | ПУ с.Обедник мак.ј. | / | | / | | / | | / | | 1 | | 1 | 1 |
| 3 | ВКУПНО (Мак.наст.јазик | 1 | | / | | 1 | | / | | 1 | | 3 | 2 |
| 4 | ПУ с.Обедник алб.јаз. | 3 | | / | | / | | 2 | | 1 | | 6 | 1 |
| 5 | ПУ с.Обедник алб.јаз. | / | | 3 | | 4 | | / | | / | | 7 | 1 |
| 6 | ВКУПНО (Албан.наст.јазик | 3 | | 3 | | 4 | | 2 | | 1 | | 13 | 2 |
| 7 | БКУПНО (Мак.и алб. наст.јазик | 4 | | 3 | | 5 | | 2 | | 2 | | 16 | 4 |

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Претседател
Љупчо Најдовски

3.Паралелките за кои се дава согласност се финансирани паралелки, претставуваат старо финансирање.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

ООУ ,,Даме Груев ,,с.Смилево до Советот на општина Демир Хисар, достави барање, заведено со архивски број 03-54/1 од 19.06.2024 година за работа на паралелки со помал број на ученици во одделенска и предметна настава за учебна 2024/2025 година. Согласно член 53 став (4), став (5), став (8) и став (10) од Законот за основно образование, Советот го разгледа барањето на училиштето и одлучи да даде согласност за формирање на чисти и комбинирани паралелки како што е наведено во приложените прегледи.

**Бр.17-680/17 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Браќа Миладиновски" с.Жван општина Демир Хисар донесен на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/15 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 49 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ бр.161/19 и 229/20"), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.07.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работа на ООУ „Браќа Миладиновци„ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година бр. 01-144/1 од 28.06.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-680/18 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебна 2024/2025 година**

1.Ја објавувам Согласноста за формирање на две паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година донесена на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/16 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 53 став (4), став (5), став (8) и став (10) од Законот за основно образование (,,Сл. весник на РСМ,, бр. 161/19, 229/20 година), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и согласно член 43 став (1) точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл. гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09,16/13,18/14,10,19 и 7/21 год.) Советот на општина Демир Хисар дава

**СОГЛАСНОСТ**
**за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици**
**и комбинирани паралелки за учебна 2024/2025 година**

1.**ОУ ,,Браќа Миладиновци,,Жван** ги исполнува условите за формирањена чисти паралелки со помал број на ученици од 20 во одделенска и предметна настава и комбинирани паралелки во одделенска настава нај многу до 10 ученици **за учебна 2024/2025 година**.

2.Паралелките да бидат формирани согласно доставеното барање од страна на училиштето и прегледите бр.1 и 2 што се во прилог на оваа согласност.

3.Паралелките за кои се дава согласност се финансирани паралелки - старо финансирање.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

ООУ ,,Браќа Миладиновци,, с.Жван до Советот на општина Демир Хисар, достави барање заведено со архивски број 03-150/1 од 28.06.2024 година за работа на паралелки со помал број на ученици во одделенска и предметна настава за учебна 2024/2025 година. Согласно член 53 став (4), став (5), став (8) и став (10) од Законот за основно

**П Р Е Г Л Е Д БР.1**

***на дадена согласност за работа на чисти паралелки од I - IX одделение со помалку од 20 ученици***

***за учебна 2024/2025 година.***

| ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „ **Браќа Миладиновци Жван** | I одд. | | II одд. | | III одд. | | IV одд. | | V одд. | | VI одд. | | VII одд. | | VIII одд. | | IX одд. | | В К У П Н О | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици | Паралелки | Ученици | Паралелки | Ученици | Паралелки | Ученици | Паралелки | Ученици | Паралелки | Ученици | Паралелки | Ученици | Паралелки | Ученици | Паралелки | Ученици | Паралелки | Ученици | Паралелки |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| | / | | / | | / | | / | | / | | **3** | **1** | **10** | **1** | **8** | **1** | **11** | **1** | **32** | **4** |

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

Претседател

Љупчо Најдовски

**П Р Е Г Л Е Д БР. 2**

***на дадена согласност за работа на комбинирани паралелки од I до V одделение за учебна 2024/2025 година.***

| ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ,, **Браќа Миладиновци,,Жван** | | **I одд.** | | **II одд.** | | **III одд.** | | **IV одд.** | | **V одд.** | | **ВКУПНО - ученици и комбинирани паралелки од I - V одд.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 1 | **ООУ Браќа Милад.Жван** | **/** | | **1** | | **2** | | **/** | | **1** | | **4** | **1** |
| 2 | **ПУ с.Сопотница** | **4** | | **4** | | **4** | | **2** | | **/** | | **14** | **4** |
| 3 | **ПУ с.Доленци** | **/** | | **/** | | **/** | | **1** | | **/** | | **1** | **1** |
| 4 | **ВКУПНО** | **4** | | **5** | | **6** | | **3** | | **1** | | **19** | **6** |

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Претседател
Љупчо Најдовски

образование, Советот го разгледа барањето на училиштето и одлучи да даде согласност за формирање на чисти и комбинирани паралелки како што е наведено во приложените прегледи.

**Бр.17-680/19 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за поведување иницијатива**

1.Го објавувам Заклучокот за поведување иницијатива за формирање на јавно водостоипанско претпријатие за езерата Суводол и Стругово и за дел од течението на Црна река низ територијата на општина Демир Хисар донесена на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/17 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 ,7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.07.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за поведување на иницијатива

1.Се поведува иницијатива за формирање на Јавно водостопанско претпријатие за езерата во Стругово и Суводол и за делот на течението на Црна река низ територијата на Општина Демир Хисар.

2.Заклучокот да се испрати до Министерство за земјоделство, шумарство и водостапанство.

3.Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

*Образложение*

На 38-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година, претседателот и членовите на Советот предложија да се формира Јавно водостопанско претпријатие за езерата во Стругово и Суводол и за делот на течението на Црна река низ територијата на Општина Демир Хисар, како резултат на реакција на граѓаните за рациноолно искористување на водата за наводнување и оспособување на системот за наводнување.

**Бр.17-680/20 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за поведување иницијатива**

1.Го објавувам Заклучокот за поведување иницијатива за отворање на канцеларија во општина Демир Хисар под надлежност на Основен суд -Битола донесена на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/18 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 ,7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.07.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за поведување на иницијатива

1. Се поведува иницијатива за отворање на канцеларија во Општина Демир Хисар под надлежност на Основен суд – Битола.

2. Заклучокот да се испрати до Основен суд – Битола и Министерство за правда.

3. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

*Образложение*

На 38-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година, претседателот и членовите на Советот предложија отворање на канцеларија во Општина Демир Хисар под надлежност на Основен суд - Битола во која ќе биди присутен судија од Основен суд – Битола еден ден во неделата во интерес на граѓаните на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-680/21 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,,

бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за поведување иницијатива**

1.Го објавувам Заклучокот за поведување иницијатива за отворање на канцеларија за нотар во општина Демир Хисар донесена на 38-тата седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-712/19 Општина Демир Хисар**
**31.07.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 ,7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.07.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за поведување на иницијатива

1. Се поведува иницијатива за отворање на канцеларија за нотар во Општина Демир Хисар, во која ќе биде присутен нотар еднаш во неделата.

2. Заклучокот да се испрати до Нотарска Комора на Република Северна Македонија и Министерство за правда.

3. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

*Образложение*

На 38-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 29.07.2024 година, претседателот и членовите на Советот предложија отворање на канцеларија за нотар во Општина Демир Хисар во која ќе биди присутен нотар еден ден во неделата, во интерес на граѓаните на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-680/22 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.07.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ бр.05/02,,) а во согласност со член 116 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РМ бр.161/2019,,) Градоначалникот на општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување на Директорот на ООУ„Гоце Делчев „Демир Хисар општина Демир Хисар**

1.Наташа Коруновска досегашен директор на ООУ „Гоце Делчев „ Демир Хисар општина Демир Хисар, се разрешува од функцијата Директор на училиштето на ден 01.12.2021 година по нејзино барање .

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар„.

**ДОСТАВНО ДО:**
- Именованата
- Архивата
- ООУ„Демир Хисар„

**Бр.08-1160/2 Општина Демир Хисар**
**01.12.2021 Градоначалник,**

**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ бр.05/02,,) а во согласност со член 118 став 1 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РМ бр.161/2019,,) Градоначалникот на општина Демир Хисар донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на ВД. Директор на ООУ„ Гоце Делчев „Демир Хисар Општина Демир Хисар**

1.Валентина Димоска , Дипломиран учител-Одделенски наставник вработена во ООУ „Гоце Делчев „ Демир Хисар се именува за ВД. Директор на гореименованото училиште на ден 02.12.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

ДОСТАВНО ДО:
- Именованиот
- Архивата
- ООУ„Гоце Делчев Д-Хисар„

**Бр.08-1162/1 Општина Демир Хисар**
**02.12.2021 Градоначалник,**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02), а во согласност со член 118 став 1 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РМ бр. 161/2019), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на ВД Директор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар**
**Општина Демир Хисар**

1. **Валентина Димоска -** одделенски наставник, вработена во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар, се именува за ВД Директор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар од **12.12.2022** година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Доставено до:
- Именуваниот
- Архива
- ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар

**Бр.08-1491/1 Општина Демир Хисар**
**12.12.2021 Градоначалник,**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) како и во согласност со член 118 став 4 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161/2019 и 229/2020), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување на ВД Директор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар**

**1.Валентина Димоска**, одделенски наставник – наставник со звање МЕНТОР, вработена во училиштето се разрешува од функцијата ВД Директор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар на ден 11.06.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Доставено до:
- Именуваниот

- Архива
- ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар

**Бр.08-633/1 Општина Демир Хисар**
**09.06.2023 Градоначалник,**
**Никола најдовскис.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) како и во согласност со член 115 став 1, 12 и 14 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161/2019 и 229/2020), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на Директор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар**

3. За директор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар се именува **Валентина Димоска**, одделенски наставник – наставник со звање МЕНТОР, вработена во училиштето.
4. Мандатот на избраниот директор трае 4 години и започнува на ден **12.06.2023** година.
5. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар на седницата одржана на 22.05.2023 година донесе одлука за распишување на јавен оглас за избор на Директор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар. Огласот за избор на директор бр. 04-192/1 од 22.05.2023 година беше објавен на 23.05.2023 година во три дневни весници: Нова Македонија, Слободен печат и Коха, како и во Агенцијата за вработување на РСМ, ПО Демир Хисар. Комисијата формирана со одлука од Училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар на седницата одржана на 22.05.2023 година, по завршувањето на огласот во законски утврдениот рок ги разгледа пристигнатите документи по јавниот оглас. На јавниот оглас пријавен беше еден кандидат. Комисијата согласно своите надлежности констатира дека пријавениот кандидат Валентина Димоска во целост ги исполнува условите предвидени во јавниот оглас. Комисијата за разгледување на пристигнатите документи по Јавниот оглас за избор на Директор подготви Извештај бр. 04-192/3 од 01.06.2023 година и го достави на разгледување до Училишниот одбор. Училишниот одбор на седницата одржана на 08.06.2023 година го усвои Извештајот. По усвојувањето на извештајот, Училишниот одбор и претставник од Бирото за развој на образованието спроведоја интервју со кандидатот кој ги исполнува условите предвидени во јавниот оглас. Училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар до Градоначалникот на Општина Демир Хисар достави предлог на кандидат за Директор број 02-234/5 од 08.06.2023 година. За кандидат за избор на Директор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар се предлага Валентина Димоска, одделенски наставник – наставник со звање МЕНТОР како единствен кандидат. Градоначалникот на Општина Демир Хисар имајќи ги во предвид наводите во Предлогот за избор на Директор, изврши именување на Директор.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Доставено до:

- Именуваниот
- Архива
- ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар

**Бр.08-634/1 Општина Демир Хисар**
**09.06.2023 Градоначалник,**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ бр.05/2002 година) а во согласност со член 124 став 1 алинеа 2, 3, 4, 5, и 6 од Законот за заштита на децата(„Сл.весник на РМ бр.23/2013 година), член 38 став 1,алинеа 2, 3, 4, 5, и 6 од Статутот на Јавната општинска установа за деца Детска градинка 2риСептември„Демир Хисар бр. 07-389/7 од 12.05.2014 година, и Предлогот за разрешување на директор бр.08-317/1 од 23.03.2018 доставен од страна на Управниот одбор на ЈОУ за деца Детска градина „2ри Септември„ Демир Хисар Градоначалникот на општина Демир Хисар, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување на директорот на ЈОУ за деца Детска градинка „2ри Септември Демир Хисар**

**1.Добре Стојковски** , дипломиран социолог досегашен директор на ЈОУ за деца Детска градинка „2ри Септември„ Демир Хисар се разрешува од функцијата на 03.01.2022 година , по негово барање бр.08-6/1 од 03.01.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Сл.гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.08-7/1 Општина Демир Хисар**
**03.01.2022 Градоначалник,**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа /„Сл.весник на РМ “ бр.05/2002/, а во согласност со член 126 од Законот за заштита на децата /„Сл.весник на РМ бр.23/2013/ и член 40 од Статутот на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар бр.17-937/15 од 29.10.2019 година, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на вршител на должноста Директор во Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар**

1.За вршител на должноста Директор во Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар се именува ***Андријана Цветкоска од Демир Хисар*** дипломиран воспитувач вработена во истоимената институција на работно место воспитувач.

2.Мандатот на вршител на должноста Директор започнува од 04.01.2022 година и ќе трае до шест месеци од денот на именувањето.

3.Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Доставено до:**
-Именуваниот
-Архива
-ЈОУДГ„Втори Септември“ Демир Хисар

**Бр.08-8/1 Општина Демир Хисар**
**03.01.2022 Градоначалник,**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 05/2002 г.) а во согласност со член 126 од Законот за заштита на децата (Сл. весник на РМ бр. 23/2013) и член 40 од Статутот на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар бр. 17-937/15 од 29.10.2019 година, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на вршител на должноста Директор во Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар**

1. За вршител на должноста Директор во Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар се именува **Андријана Цветкоска** од Демир Хисар дипломиран воспитувач вработена во истоимената институција на работно место воспитувач.

2. Мандатот на вршител на должноста Директор започнува од 04.07.2022 година и ќе трае до шест месеци од денот на именувањето.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Доставено до:
Именуваниот
Архива
ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар

**Бр.08-871/1 Општина Демир Хисар**
**01.07.2022 Градоначалник,**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ бр. 05/2002“), а во согласност со член 126 од Законот за заштита на децата („Сл. весник на РМ бр. 23/2013“) и член 40 од Статутот на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар бр. 17-937/15 од 29.10.2019 година, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на вршител на должноста Директор во Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар**

1. За вршител на должноста Директор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар се именува ***Андријана Цветкоска*** од Демир Хисар дипломиран воспитувач вработена во истоимената институција на работно место воспитувач.
2. Мандатот на вршител на должноста Директор започнува од **04.01.2023** година и ќе трае шест месеци од денот на именувањето.

3. Решението влегува во сила на денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Доставено до:
- Именуваниот
- Архива
- ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар

**Бр.08-05/1 Општина Демир Хисар**
**03.01.2023 Градоначалник,**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) а во согласност со член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19 и 236/22), Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 04.07.2023 година донесе:

**Решение**
**за разрешување на вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Втори септември“ Демир Хисар**

1.Со оваа Решение се разрешува Андријана Цветкоска од должноста вршител на должноста директор на

Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Втори септември“ Демир Хисар, поради истек на мандатот.

2.Со ова Решение престанува со важност Решението за именување на вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Втори септември“ Демир Хисар бр.08-05/1 од 03.01.2023 година.

3.Решението влегува во сила со денот на нејзиното донесување а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 03.01.2023 година со број 08-05/1, донесе Решение за именување на Андријана Цветкоска за вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Втори септември“ Демир Хисар.

Со оглед на тоа дека мандатот започна на 04.01.2023 година со времетраење од шест месеци од денот на именувањето, се констатира дека мандатот е истечен и се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Доставено до:
-Разрешената,
-Јавна општинска установа за деца-Детска градинка „Втори септември“ Демир Хисар,
-Архива на Општина Демир Хисар

**Бр.08-700/1 Општина Демир Хисар**
**04.07.2023 Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) а во согласност со член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19 и 236/22), Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 04.07.2023 година донесе:

**Решение**
**за именување на вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Втори септември“ Демир Хисар**

1.Со оваа Решение се именува Андријана Цветкоска за вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар.

2.Мандатот на вршителот на должноиста започнува на ден 05.07.2023 година и трае до именување на нов директор, најмногу шест месеци од денот на именувањето.

3.Решението влегува во сила со денот на нејзиното донесување а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 04.07.2023 година со број 08-669/3, донесе Одлука за НЕ избор на директор по пат на Јавен оглас на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Втори септември“ Демир Хисар.

Со оглед на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Доставено до:
-Именуваната,
-Јавна општинска установа за деца-
Детска градинка „Втори септември“
Демир Хисар,
-Архива на Општина Демир Хисар

**Бр.08-701/1 Општина Демир Хисар**
**04.07.2023 Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) а во согласност со член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19 и 236/22), Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 04.01.2024 година донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување на вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Втори септември“ Демир Хисар**

1.Со оваа Решение се разрешува Андријана Цветкоска од должноста вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Втори септември“ Демир Хисар, поради истек на мандатот.

2.Со ова Решение престанува со важност Решението за именување на вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Втори септември“ Демир Хисар бр.08-701/1 од 04.07.2023 година.

3.Решението влегува во сила со денот на нејзиното донесување а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 04.07.2023 година донесе Решение со број 08-05/1, за именување на Андријана Цветкоска за вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Втори септември“ Демир Хисар.

Со оглед на тоа дека мандатот започна на 05.07.2023 година со времетраење од шест месеци од денот на именувањето, се констатира дека мандатот е истечен и се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Доставено до:
-Разрешената,
-Јавна општинска установа за деца-
Детска градинка „Втори септември“
Демир Хисар,
-Архива на Општина Демир Хисар

**Бр.08-19/1 Општина Демир Хисар**
**04.01.2024 Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) а во согласност со член 126 и 127а од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19 и 236/22), Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 04.01.2024 година донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за именување на вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Втори септември“ Демир Хисар**

1. Со оваа Решение се именува Андријана Цветкоска за вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар.
2. Мандатот на вршителот на должноста започнува на ден 05.01.2024 година и именуваната ќе ги врши работите на директор до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.
3. Решението влегува во сила со денот на нејзиното донесување а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 04.01.2024 година, донесе Одлука за НЕ ВРШЕЊЕ на избор на директор по пат на Јавен оглас на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар, со број 08-18/1.

Со оглед на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Доставено до:
-Именуваната,
-Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар,
-Архива на Општина Демир Хисар

**Бр. 08-23/1 Општина Демир Хисар**
**04.01.2024 Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) а во согласност со член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19 и 236/22), Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 05.07.2024 година донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување на вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар**

1. Со оваа Решение се разрешува Андријана Цветкоска од должноста вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар, поради истек на мандатот.
2. Со влегувањето на сила на ова Решение престанува со важност Решението за именување на вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар бр.08-23/1 од 04.01.2024 година.
3. Решението влегува во сила со денот на нејзиното донесување а ќе се објави во Службен

гласник на Општина Демир Хисар.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 04.01.2024 година донесе Решение со број 08-23/1, за именување на Андријана Цветкоска за вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар.

Со оглед на тоа дека мандатот започна на 05.01.2024 година со времетраење од шест месеци од денот на именувањето, се констатира дека мандатот е истечен и се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Доставено до:
-Разрешената,
-Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар,
-Архива на Општина Демир Хисар

**Бр.08-19/2 Општина Демир Хисар**
**05.07.2024 Градоначалник**
**Никола најдовски с.р.**

Врз основа на член член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) а во согласност со член 126 и 127а од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19 и 236/22), Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 05.07.2024 година донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за именување на вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар**

1.Со оваа Решение се именува Андријана Цветкоска за вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар.

2.Мандатот на вршителот на должноста започнува на ден 06.07.2024 година и именуваната ќе ги врши работите на директор до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3.Решението влегува во сила со денот на нејзиното донесување а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 04.07.2024 година, донесе Одлука за разрешување на вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар, со број 08-19/2 од 05.07.2024 година.

Со оглед на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**
Незадоволната страна има право на жалба до државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен
однос во втор степен во рок од
15(петнаесет) дена од денот на приемот на решението.

Доставено до:
-Именуваната,
-Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар,
-Архива на Општина Демир Хисар

**Бр.08-23/2 Општина Демир Хисар**
**05.07.2024 Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 24а од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1996, 06/02, 40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19) и член 32 од Статутот на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување на вршител на должноста директор на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

Член 1

Се разрешува Данка Петреска од вршител на должност директор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар на ден 05.02.2022 година.

Член 2

Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Доставено до:
-Именуваниот
-Архивата на Општина Демир Хисар
-Архивата на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

**Бр.08-162/1** **Општина Демир Хисар**
**04.02.2022** **Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 24а став 2 и 3 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1996, 06/02, 40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19) и член 32 од Статутот на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за именување на вршител на должност директор на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

Член 1

За вршител на должност директор на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар Демир Хисар се именува Данка Петреска вработена во Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар.

Член 2

Мандатот на вршителот на должноста директорот започнува на 06.02.2022 со времетраење со времетраење не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

Член 3

Вршителот на должност директор склучува договор со градоначалникот на Општина Демир Хисар за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со законот за јавни претпријатија.

Член 3

Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Доставено до:
-Именуваниот
-Архивата на Општина Демир Хисар
-Архивата на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

**Бр.08-162/2 Општина Демир Хисар**
**04.02.2022 Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 24а од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/1996, 06/02, 40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19) и член 32 од Статутот на Јавното Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување на вршител на должноста директор на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

Член 1

Се разрешува Данка Петреска од вршител на должност директор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар на ден 06.08.2022 година, поради истекување на шестмесечниот мандат како вршител на должност.

Разрешената е именувана за вршител на должност директор на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар со Решение за именување бр.08-162/2 на 04.02.2022 година, донесено од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар, во кое е наведено дека мандатот на вршителот на должност директор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар започнува на 06.02.2022 година со времетраење не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

Член 2

Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Доставено до:
- Разрешениот
-Архивата на Општина Демир Хисар
-Архивата на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

**Бр.08-993/1 Општина Демир Хисар**
**04.08.2022 Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 24а став 2 и 3 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/1996, 06/02, 40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19) и член 32 од Статутот на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за именување на вршител на должност директор на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

Член 1

За вршител на должност директор на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар Демир Хисар се именува Александар Чорбевски, дипломиран економист-маркетинг и менаџмент.

Член 2

Мандатот на вршителот на должноста директорот започнува на 07.08.2022 со времетраење не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

Член 3

Вршителот на должност директор склучува договор со градоначалникот на Општина Демир Хисар за уредување на

односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со законот за јавни претпријатија.

Член 3

Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Доставено до:
-Именуваниот
-Архивата на Општина Демир Хисар
-Архивата на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

**Бр.08-994/1 Општина Демир Хисар**
**04.08.2022 Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 24а од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/1996, 06/02, 40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19) и член 32 од Статутот на Јавното Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

О Д Л У К А
за разрешување на вршител на должноста директор на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

Член 1

Се разрешува Александар Чорбевски од вршител на должност директор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар на ден 07.02.2023 година, поради истекување на шестмесечниот мандат како вршител на должност.

Разрешениот е именуван за вршител на должност директор на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар со Решение за именување бр.08-994/2 на 04.08.2022 година, донесено од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар, во кое е наведено дека мандатот на вршителот на должност директор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар започнува на 07.08.2022 година со времетраење не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

Член 2

Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Доставено до:
- Разрешениот
-Архивата на Општина Демир Хисар
-Архивата на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

**Бр.08-156/1 Општина Демир Хисар**
**06.02.2022 Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 24а став 2 и 3 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/1996, 06/02, 40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19) и член 32 од Статутот на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за именување на вршител на должност директор на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

Член 1

За вршител на должност директор на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС

Демир Хисар Демир Хисар се именува Александар Чорбевски, дипломиран економист-маркетинг и менаџмент.

Член 2

Мандатот на вршителот на должноста директорот започнува на 08.02.2023 година со времетраење не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

Член 3

Вршителот на дполжност директор склучува договор со градоначалникот на Општина Демир Хисар за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со законот за јавни претпријатија.

Член 3

Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Доставено до:
-Именуваниот
-Архивата на Општина Демир Хисар
-Архивата на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

**Бр.08-156/2 Општина Демир Хисар**
**06.02.2023 Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 24а од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1996, 06/02, 40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19) и член 32 од Статутот на Јавното Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на вршител на должноста директор на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

Член 1

Се разрешува Александар Чорбевски од вршител на должност директор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар на ден 07.08.2023 година, поради истекување на шестмесечниот мандат како вршител на должноста.

Разрешениот е именуван за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар со Решение за именување бр.08-156/2 на 06.02.2023 година, донесено од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар, во кое е наведено дека мандатот на вршителот на должност директор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар започнува на 08.02.2022 година со времетраење не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

Член 2

Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Со влегувањето на сила на ова Решение, престанува со важност Решението за именување за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар бр.08-156/2 на 06.02.2023 година, донесено од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар

Доставено до:
- Разрешениот
-Архивата на Општина Демир Хисар
-Архивата на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

**Бр.08-156/4 Општина Демир Хисар**
**07.08.2023 Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 24а став 2 и 3 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1996, 06/02, 40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19) и член 32 од Статутот на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за именување на вршител на должност директор на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

Член 1

За вршител на должност директор на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар Демир Хисар се именува Александар Чорбевски, дипломиран економист-маркетинг и менаџмент.

Член 2

Мандатот на вршителот на должноста директорот започнува на 08.08.2023 година со времетраење не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

Член 3

Вршителот на должност директор склучува договор со Градоначалникот на Општина Демир Хисар за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со законот за јавни претпријатија.

Член 4

Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Со влегувањето на сила на ова Решение, престанува со важност Решението за именување за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар бр.08-156/2 на 06.02.2023 година, донесено од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар

Доставено до:
-Именуваниот
-Архивата на Општина Демир Хисар
-Архивата на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

**Бр.08-156/5** **Општина Демир Хисар**
**08.08.2023** **Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 24а од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1996, 06/02, 40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22 и 274/22) и член 32 од Статутот на Јавното Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на вршител на должноста директор на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

Член 1

Се разрешува Александар Чорбевски од вршител на должност директор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар на ден 01.02.2024 година, поради истекување на шестмесечниот мандат како вршител на должноста а имајќи ја во предвид постапката по објавениот јавен конкурс за директор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар.

Разрешениот е именуван за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар со Решение за именување бр.08-156/52 на 08.08.2023 година, донесено од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар, во кое е

наведено дека мандатот на вршителот на должност директор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар започнува на 08.08.2023 година со времетраење не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

Член 2

Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Со влегувањето на сила на ова Решение, престанува со важност Решението за именување за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар бр.08-156/5 на 08.08.2023 година, донесено од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар

Доставено до:
- Разрешениот
-Архивата на Општина Демир Хисар
-Архивата на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

**Бр.08-146/1 Општина Демир Хисар**
**01.02.2024 Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 24а став 4 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1996, 06/02, 40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22 и 274/22) и член 32 од Статутот на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за именување на директор на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

Член 1

За директор на Јавнотото Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар Демир Хисар се именува Александар Чорбевски, дипломиран економист-маркетинг и менаџмент.

Член 2

Мандатот на вршителот на должноста директорот започнува на 02.02.2024 година со времетраење не подолго од четири години од денот на неговото именување.

Член 3

Именуваниот директор склучува договор со Градоначалникот на Општина Демир Хисар за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со законот за јавни претпријатија.

Член 4

Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе Одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар бр. бр.08-118/1 од 26.01.2024 година.

По распишаниот конкурс Градоначалникот донесе Одлука за избор на директор на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар бр.09-118/5 од 01.02.2024 година.

Врз основа на горенаведеното, а имајќи ги во предвид член член 19а став 3 и член 23 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1996, 06/02, 40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22 и 274/22) се одлучи како во диспозитивот на ова Решение

Правна поука: Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот до Државната комисија за управна постапка и постапка за работен однос од втор степен.

Доставено до:
-Именуваниот
-Архивата на Општина Демир Хисар
-Архивата на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

**Бр.08-148/1 Општина Демир Хисар**
**01.02.2024 Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 1 од Статутот на ОУ Дом на култура „Илинден" Демир Хисар бр.01-15/1 од 31.01.2018. година, Градоначалникот на општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на директорот на ОУ Дом на културата „Илинден" Демир Хисар**

1. **Зоран Котевски**, досегашен директор на ОУ Дом на култура „Илинден" Демир Хисар се разрешува од функција на ден од 13.12.2021 година по негово барање.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар„.

**Доставено до:**
-именуваниот
-Архива
-Дом на култура „Илинден" Демир Хисар

**Бр.08-1149/2 ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
**10.12.2021 Градоначалник,**
***Никола Најдовски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02), а во согласност со член 22 од од Статутот на Домот на културата „Илинден" Демир Хисар бр.01-15/1 од 31.01.2018 година, Градоначалникот на општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на вршител на должноста Директорот на ОУ Дом на Култура „Илинден" - Демир Хисар**

1. За вршител на должноста Директор на ОУ Дом на култура „Илинден" Демир Хисар се именува Благоја Грујоски, вработен во Дом на културата „Илинден„ Демир Хисар, на работно место Соработник за музичко - сценска дејност со почеток од 14.12.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар„.

Доставено до:
-именуваниот
-Архива
-Дом на култура „Илинден" Демир Хисар

**Бр.08-1191/1 ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
**10.12.2021 Градоначалник,**
***Никола Најдовски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа („Сл. весник на РМ бр. 05/2002 година) а во врска со член 29 и 38 од Законот за култура („Сл. весник на РМ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/2015, 154/15, 39/16 и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 122/21), и член 19 и 20 од Статутот на ОУ Дом на Културата „Илинден" Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на Директор на ОУ Дом на култура „Илинден" Демир Хисар**

1. За Директор на ОУ Дом на културата „Илинден" Демир Хисар е избран **Славче Велјановски**, дипломиран историчар-археолог од Демир Хисар.
2. Функцијата директор избраното лице ќе ја извршува со мандат од 4 (четири)

години почнувајќи од 01.05.2022 година.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

***О б р а з л о ж е н и е***

Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе решение за распишување на јавен оглас за избор на Директор на ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар број 04-324/1 од 17.03.2022 година. Јавниот оглас со деловоден број 04-324/2 од 17.03.2022 година беше објавен во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха на ден 18.03.2022 година. По завршувањето на предвидениот рок за пријавување на јавниот оглас, комисијата за спроведување на Јавен оглас за избор на директор на ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар формирана со решение број 04-324/3 од 17.03.2022 година, ги разгледа поднесените пријави и состави Записник број 04-324/4 од 05.04.2022 година. Комисијата целокупната документација доставена од пријавените кандидати и Записникот го предаде на Градоначалникот за понатамошно постапување. Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 07.04.2022 година во просториите на Општина Демир Хисар спроведе интервју со пријавените кандидати, и состави записник број 04-324/5 од 07.04.2022 година. Врз основа на целокупната документација која ја доставија пријавените кандидати за докажување на условите предвидени во јавниот оглас и одржаното интервју, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе одлука за избор бр.04-324/6 од 08.04.2022 година. По конечноста на одлуката Градоначалникот донесе решение за избор на Директор на ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар на кандидатот Славче Вељановски за мандат од 4 (четири) години.

***Правна поука:*** Против ова решение незадоволната страна има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од приемот на одлуката.

Доставено до:

- Именуваниот
- Архива

**Бр.08-479/1 Општина Демир Хисар**
**26.04.2022 Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ бр.05/02,,) а во согласност со член 116 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РМ бр.161/2019,,) Градоначалникот на општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување на Директорот на ООУ„Браќа Миладиновци „Жван Општина Демир Хисар**

1.Ана Трајческа досегашен директор на ООУ „Браќа Миладиновци „ Жван општина Демир Хисар, се разрешува од функцијата Директор на училиштето на ден 01.12.2021 година по нејзино барање .

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар,,.

**ДОСТАВНО ДО:**

- Именованата
- Архивата
- ООУ„Браќа Миладиновци,,

**Бр.08-1158/2 Општина Демир Хисар**
**01.12.2021 Градоначалник,**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ бр.05/02,,) а во согласност со член 118 став 1 од Законот за основно образование

(„Сл. Весник на РМ бр.161/2019„) Градоначалникот на општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на ВД Директор на ООУ„Браќа Миладиновци„Жван Општина Демир Хисар**

1. Николче Крстевски Прифесор по физичко и здраствено образование вработен во ООУ „Браќа Миладиновци „ Жван општина Демир Хисар, на работно место Наставник по физичко и здраствено образование се именува на функцијата ВД Директор на училиштето на ден 02.12.2021 година .

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар„.

ДОСТАВНО ДО:
- Именованиот/та
- Архивата
- ООУ„Браќа Миладиновци Жван„

**Бр.08-1163/1 Општина Демир Хисар**
**02.12.2021 Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/102) како и во согласност со член 115 став 1, став 12 и став 14 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.161/2019 и 229/2020) Градоначалникот на општина Демир Хисар донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За именување на Директор на ООУ„Браќа Миладиновци„с.Жван Општина Демир Хисар**

1.За директор на ООУ„Браќа Миладиновци„с.Жван општина Демир Хисар се именува Николче Крстевски, вработен во училиштето на работно место наставник по физичко и здравствено образование, со завршено високо образование VII/1 степен со назив Професор по физичко и здравствено образование.

2.Мандатот на избраниот директор започнува на ден 15.06.2022 година.

3.Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 115 став 1 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/2019 и 229/2020),Градоначалникот на општина Демир Хисар донесе Одлука број 12-667/1 од 16.05.2022 година со која го задолжи Училишниот одбор на ООУ„Браќа Миладиновци„ с.Жван да објави јавен оглас за избор на директор на училиштето.Училишниот одбор на училиштето, врз основа на член 108 алинеа 6, 7 и 8 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/2019 и 229/2020) спроведе постапка за избор на директор.На седница одржана на ден 16.05.2022 година, Училишниот одбор донесе Одлука број 02-132/3 од 16.05.2022 година за распишување на оглас за избор на директор на основното училиште.Огласот се објави на ден 19.05.2022 година во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха. На објавениот оглас се пријави еден кандидат.Училишниот одбор до Градоначалникот на општина Демир Хисар достави Одлука за предлог

кандидат за избор на директор број 02-170/2 од 07.06.2022 година. За предлог кандидат за избор на директор се предлага Николче Крстевски како единствен кандидат. Градоначалникот на општина Демир Хисар имајќи ги во предвид наводите во Предлогот за избор на Директор, изврши именување на Директор.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Доставено до:

-Имеуваниот

-Архива

-ООУ,,Браќа Миладиновци,,Жван

**бр.08-799/1** **Општина Демир Хисар**
**15.06.2022** **Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), а во согласност со член 116 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За престанок на мандатот на директорот на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван, Општина Демир Хисар**

1. На Николче Крстевски**,** на 31.05.2023 година му престанува мандатот на директор на ООУ „Браќа Миладиновци“, с.Жван, Општина Демир Хисар, по негово барање.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар“.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

